Ко-финансирано од
Европска Унија

# РАБОТНА ТЕТРАТКА СО СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНИЦИ

## ОД СПРОВЕДЕНИ ОБУКИ ДО ПРАКТИЧНИ ЧАСОВИ




Erasmus+

НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА
ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ
ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

| | |
|---|---|
| **Предмет:** Македонски јазик | |
| **Подрачје**: Слушање и зборување, вкупно 40 часа<br>Време за реализација: мај | |
| **Изготвиле:** Актив на трето одделение | од ООУ: „Невена Георгиева – Дуња “ -Скопје |
| **Адаптирале:** | |
| **Одделенски раководител:** | Лилјана Карпузовска |
| **Одделение** | III a |

| Содржини (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| • Говорење со разбирање | | | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Часот започнува со кратка медитација на учениците, опуштање на телото.<br>Сите ученици стојат во круг и се движат според насоките од наставникот. (Медитација - алатка од спроведена обука за наставници од ERASMUS + KA 121 проект) | Работен лист со проблемски ситуации | -Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>-Придонес во групните активности |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Медитација (алатка од спроведена обука за наставници од ERASMUS + KA 121 проект) Ученичките К.Н.иЛ.Н. следат настава по модифицира на наставна програма: Содрржина- Реагирање по слушнат текст (невербална и вербална комуникација ) | • Усно искажува свое мислење за зададена проблемска ситуација од секојдневниот живот<br><br>Стандард: Невербално реагира | 16.5.2025<br><br>2/2 | **Игровна активност:** Учениците се уште стојат во круг. Наставникот дава инструкција дека ќе играат игра, треба да се запомнат три движења кои се поврзуваат со одредени овошја:<br>-Јаболко: се става десната рака над главата<br>-Јагода: се вкрстуваат рацете преку градите<br>-Круша: благо се наведнува телото нанапред<br>Се објаснува дека секогаш кога ќе се спомне едно од трите овошја, децата ќе треба да го направат договореното движење. Ако некој направи некое друго движење, излегува од играта на тој начин што си седнува на своето столче. Активноста продолжува се додека не останат две-три деца.<br>(5мин)<br><br>**Главен дел – искуствено учење**<br>**Активност 1:** Учениците се поделени во групи по четворица според местото на седење(групна форма на работа). Секоја група добива работен лист со проблемска ситуација на која можат да наидат во секојдневниот живот.<br>1.На часот по математика, наставникот ви дава квиз. Едно другарче упорно ги кажува одговорите наместо тебе. Како се чувствуваш? Што ќе направиш во врска со ситуацијата?<br>2.На часот по ликовно, додека црташ, другарчето до тебе ја поттурнува клупата и врз цртежот се истура вода. Како се чувствуваш? Што ќе направиш во врска со проблемот?<br>3.Додека сте на часот по физичко, во фискултурната сала, другарчето упорно те турка и не ти дозволува да ја направиш вежбата правилно. | | -Придонес во индивидуални активности<br><br>-Придонес во изведување на заклучоци<br><br>-Следење и чек листи на наставникот |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Иако го кажуваш на наставникот, сепак тоа продолжува. Како се чувствуваш? Што ќе направиш во врска со проблемската ситуација?<br>4.Веќе некое време една другарка од твоето одделение постојано ти дава прекари кои не ти се допаѓаат. Иако си и кажала дека не ти се допаѓа, сепак продолжува. Како се чувствуваш? Што ќе направиш во врска со ситуацијата?<br>Другарчето до тебе ти бара боичка. Му даваш, но тоа не ти ја враќа, туку напротив ја фрла. Му велиш да ти ја врати боичката, но тоа само се смее. Како се чувствуваш? Што ќе направиш во врска со проблемот?<br>Еден ученик во групата ја чита проблемската ситуација. Следува **дискусија** помеѓу членовите во групата, учениците разговараат според дадените прашања на листот и заземаат заеднички став во врска со разрешување на проблемската ситуација.<br>На учениците им се напоменува дека треба заеднички сложно да работат во групата и дека имаат десет минути за работа.<br>Наставникот ја следи работата на учениците, насочува и мотивира.<br>Откако сите групи ќе бидат готови, се прави презентација. Секоја група ја презентира својата проблемска ситуација и ги искажуваат своите мислења, останатите внимателно слушаат, следат и даваат дополнителни предлози за слични или различни решенија. Наставникот дава повратна информација на секоја група. | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Заклучок:** Сите ние сме се нашле во вакви или слични ситуации. Многу е важно да знаеме што чувствуваме и како да се справиме со се што ни се случува.<br>**Диференцирани активности**:ученичката Е.М. работи во група, усно го искажува своето мислење и се поттикнува да презентира.<br>**Активности за ученичките К.Н. и Л.Н. кои следат настава по модифицирана наставна програма**: ученичките добиваат проблемска ситуација во илустрации кои треба да ги обојат и да ги залепат на бел лист. Ученичките работат со поддршка на образовен асистент.<br>(20мин)<br><br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>**Медитација (алатка од спроведена обука за наставници од ERASMUS + KA 121 проект)**<br>На учениците им се укажува на моќта на медитацијата за ублажување на стресот, подобрување на благосостојбата и спречување на малтретирањето. Децата треба да најдат удобна положба на телото, седнати на столчињата, да ги затворат очите и да замислуваат. Наставникот кажува упатства бавно и со паузи.<br>(10мин)<br>**Рефлексија**<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот?<br>(5мин) | | |

**Предмет:** Природни науки во VI одделение

**Подрачје**: Градба на органи и органски системи кај човекот

| | |
|---|---|
| **Изготвил: Драгана Ончевска-Ковачева** | ООУ: „Невена Георгиева – Дуња “ -Скопје |
| **Адаптирале:** | |
| **Одделенски раководител:** | |
| **Одделение** | VI |

| Содржини (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| •**Дигестија и екскреција** (дигестивен систем, усна празнина, јазик, заби, секачи, кучешки или песјаци, | •Практична примена на техники во наставата здобиени од **Еразмус+** | 1<br>10.4.2025 | **Воведна активност-активирање на предзнаењата**<br><br>На сите ученици во одделението им се дели по еден бел лист и преку техника **минутна работа** од нив се бара да одговорат на прашањето „Кои се органските системи во човековиот | •Модел на органите за дигестија<br>•Модел на човек со внатрешни органи<br>-хамер/ листови од блок | • усни одговори на прашања во дискусија<br><br>• придонес во групните активности |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| преткатници, катници, плунка, плункови жлезди, голтка, хранопровод ник, желудник, тенко црево, дебело црево, анален отвор, дигестија (варење), апсорпција, екскреторен систем, бубрези, мочоводи, мочен меур, мочно каналче, екскреција (излачување ), урина) | обуки и мобилности за следење на наставата на колеги од европски училишта<br>•Именува органи кои спаѓаат во дигестивниот систем, го опишува нивниот изглед и нивната функција. | | организам,,?. На учениците им се остава една минута да го напишат одговорот на поставеното прашање<br><br>Пред учениците е поставен модел на човек со внатрешни органи како и модел на системот а дигестија.<br>Се поведува **дискусија (метод на дискусија)** со учениците за патот на храната низ системот за дигестија Ги охрабрувам да ги набројат органите и нивните функции.<br><br>Еден ученик ја добива улогата на презентер и на моделот на дигестивниот систем ги покажува соодветните органи кои предходно се набројани од остнатите ученици.<br><br>Извлекување на заклучок **(фронтална форма на работа)** дека патот на храната низ дигестивниот систем започнува од устата и завршува со аналниот отвор и дека дигестивниот систем го градат органите кои имаат задача да ја обработат внесената храна.<br><br>**Главни активности– искуствено учење**<br><br>•Учениците се поделени во неколку хетерогени групи составени од ученици од двете уќилишта (групна форма на работа) во која секој ученик има улога. Секоја група користејќи современи методи и техники изработува модел на дигестивниот систем од различни материјали претставувајќи ги редоследно органите преку кои поминува храната низ системот. Преку користењето на различни и индивидуални методи и техники | •Пластелин , жица, цевки, пластични шипиња, лименки | -•придонес во изведување на заклучоците<br><br>• листа за аналитичко оценување на групна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | учениците се поттикнуваат во истражувањето, ефикасно учат, соработуваат и превземаат одговорност за сопственото мислење. Пред секоја група се поставени сите потребни материјали за изработка на моделот. Во рамките на секоја група учениците дискутираат за функцијата на секој од органите на дигестивниот систем и истата ја запишуваат до соодветниот орган.<br>Сите групи добиваат исто време за својата изработка, а потоа изработките ги презентираат пред соучениците и преку дискусија ги именуваат органите кои спаѓаат во дигестивниот систем и ги опишуваат нивниот изглед и функција.<br><br>Учениците од другите групи се охрабруваат да поставуваат прашања со цел објаснувањето на членовите од групата која ја презентира својата изработка да биде темелно<br><br>**Завршна активност-извлекување заклучок**<br><br>Секој ученик добива стикер ливче. На истото треба да го запише најважното нешто што го научил за време на часот, на едната страна, а на другата страна го запишува најинтересниот предизвик за време на часот. Со ова се добива повратна информација за тоа што разбрале учениците и што им било интересно. | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Рефлексија**<br><br>Се поведува дискусија со учениците во која сенасочуваат учениците да наведат зошто ни е потребна храната, зошто мора да се разгради храната, на кој начин разградената храна доаѓа до сите делови на телото, зошто ни е потребна енергијата која ја добиваме од храната, каква храна треба да јадеме и каква да избегнуваме.<br><br>(Што научивме односно како можеме да го примениме наученото во секојдневниот живот?) | | |

| | | |
|---|---|---|
| Диференцијација на процесот и активностите преку визуелни ресурси (енциклопедија) и групна работа со различни улоги | | **Учениците работат во група според сојот интерес или капацитет.** Секој ученик во групата добива улога на „изработувач„ или „презентер„, улога во која најдобро може го искористи својот интерес или капацитет. Учениците добиваат различни сетови на материјали според нивните интереси и во истите има вклучено визуелни ресурси како би можеле да имаат полесен пристап до содржината |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Предмет:** Англиски јазик | | | | | |
| **Подрачје**: | | | | | |
| **Изготвиле:** Анета Димеска Стојанов, Андријана Димитриевска Велкоска | | | | од ООУ: „Невена Георгиева – Дуња " -Скопје | |
| **Адаптирале:** | | | | | |
| **Одделенски раководител:** | | | | | |
| **Одделение** | | | | III а | |
| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио за часот** | **средства** | **Следење на напредокот** |
| • | | 1<br>10.4.2025 | **Воведен дел-** активирање на предзнаењата (5 минути)<br>Мини-драма: двајца ученици одигруваат сцена од приказната Црвенкапа (Црвенкапа го сретнува Волкот и му кажува дека не смее да зборува со непознати лица). Се поставува прашање- | интерактивна табла<br><br>4 уреди-лаптоп/ таблет/ статичен компјутер<br><br>видеа | •Учеството со идеи во погодување на темата приказни |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Дали ви е позната оваа сцена, Дали знаете од каде доаѓа овој извадок? Дали можеме да научиме нешто од случувањата? Останатите ученици ја погодуваат темата на часот- познати приказни и пораките кои ги пренесуваат. Се поставува прашањето What's the moral of this story? Who are the characters?<br><br>**Главен дел**- искуствено учење (30 минути)<br>Учениците се делат во 4 групи со по 4 до 5 ученици. Им се најавува дека ќе слушаат приказна на уредот кој е пред нив. Пред секоја група има работен лист со празни полиња за информациите Story; Characters; Setting; Plot; Moral of the story и слика од лик/дел од приказна. Учениците поставуваат хипотези за тоа која приказна ќе ја слушаат. Приказните кои се опфатени се- The fox and the crow; The wind and the sun; The bear and the bees; The city mouse and the country mouse. Секоја група на својот уред го започнува видеото со приказната која трае по околу 3 минути. Видеата се состојат од прераскажување на главните настани, поткрепени со илустрации и визуелни ефекти кои ги истакнуваат главните елементи на приказната. На крајот од секое видео, раскажувачот ја споделува пораката на приказната. По проследувањето на видеото, учениците во секоја група ги пополнуваат информациите на работниот лист. По потреба, можат да слушнат дел од видеото по втор пат или да го запрат во одреден дел од приказната. | Интернет пристап<br><br>работен лист<br><br>апликација Canva, story template<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=Atkt-vhxFIc&t=3s<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=BF3bXji-J7I<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=9Q2t6o5TIwI&t=5s<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=_z6ZlwKu1bY&t=75s | •Точното класифицирање на информациите за ликови, место, содржина, порака<br><br>Изработување на дигитална сликовница со пополнување на соодветни информации во полињата за текст и визуелно претставување на приказната |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Дизајн на сликовница- Се поставува прашањето- Дали освен во видео формат, овие приказни можат да се најдат и во друг облик? Дали кога биле помали учениците ги имале во печатена форма како сликовници? Се најавува дека учениците ќе направат кратка сликовница за слушнатата приказна. Се вклучува апликацијата Canva на секој од уредите (пред почеток на часот, потребно е да се направат 4 дигитални примероци за сликовница и да се отворат во позадина на секој уред). На интерактивната табла се покажува еден пример со кратко појаснување на инструкциите- учениците да ги пополнат полињата за текстот и да дополнат со елементи кои сами ќе ги изберат за слики и форми.<br>Учениците во своите групи изработуваат секој по една страна од сликовницата.<br><br>**Завршен дел**- извлекување заклучок (5 минути)<br>Учениците дускутираат за пораката од слушнатата приказна- дали некогаш биле во слична ситуација и дали можат да ја применат во секојдневниот живот.<br>рефлексија- Учениците ги споделуваат впечатоците од часот, осврнувајќи се на тоа кои поими ги учеле и кои активности им биле интересни. Се поставува прашањето: Кои активности беа полесни/потешки?<br>форми на работа- фронтална, индивидуална, работа вогрупи<br>методи на работа- Комуникативен (Communicative Approach) Пристап базиран на задачи (Task-based Approach), Аудио-визуелен | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **рефлексија**<br>Учениците немаа поголеми потешкотии во разбирањето на приказните. Одредени ученици побараа појаснување на зборови кои не им беа познати (setting/plot).<br>Учениците беа особено мотивирани да ја изработат дигиталната верзија на приказната. Успешно ги користеа алатките на апликацијата Canva и се истакнаа со својата креативност | | |

**Предмет:** Ликовно образование

**Подрачје**: Дизајн и визуелни комуникации во 2Д

| **Изготвиле:** Петар Беслаќ | од ООУ: „Невена Георгиева – Дуња “ -Скопје |
|---|---|
| **Адаптирале:** | |
| **Одделенски раководител:** | |
| **Одделение** | |

| Содржини (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| •Дизајн и визуелни комуникации во 2Д (графички дизајн, заштитен знак/лого, флаер, плакат, | •Разликува продукти од областа на дводимензионалниот графички дизајн: | Час бр.26<br><br>Март<br>4 седмица<br>АПРИЛ 1<br>СЕД,МИЦА | **Воведна активност-активирање на предзнаењата (5 мин)**<br>Повторуваме што знаеме за дизајн и визуелни комуникации и различни видови на дизајн | Компјутер /таблет /лаптоп Power Point апликација -Google -Смарт тв , -you tube pinterest | - Да разликуваат различни продукти од графичкиот дизајн<br>- Опишува и презентира различни |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| банер, постер, покана) | заштитен знак/ лого, флаер, плакат, банер, постер, покана и др.<br>• Креира идејно решение за плакат.<br>• Го интерпретира значењето на сопствената творба (плакат).<br>•Користи графички компјутерски програми за креирање идејно решение за заштитен знак/ лого по сопствена замисла.<br>Практична ·примена на техники во наставата здобиени од **Еразмус+** обуки и | | **Главна активности-искуствено учење (20 мин)**<br>Учениците заедно со наставникот прават , создаваат идејно решение за плакат на тема Рационално користење на водата. Идејното решение го презентираат пред соучениците, интерпретирајќи го значењето/симболиката. По повод светскиот ден на водата<br>Часот беше посетен од ученици од Словенија во рамките на Еразмус проектот и на него беа употребени алатки и апликации кои беа дел од обуката на Еразмус проектот одржан во Сплит,Хрватска<br>Modernisation of teaching methodology Critical Thinking - One of the Essential Life Skills<br>I Magic School -Work Smarter not Harder<br>Преку кои учениците се запознаа со содржината истражуваа и создаваа идејни решенија<br><br>**Завршна активност-извлекување заклучоци( 10 мин)**<br>дизајн и визуелни комуникации и различни видови на дизајнсогледувањата ги презентираат пред сите<br><br>**Рефлексија (5 мин)**<br>Се води дискусија по прашањата:<br>1. Што правевме денеска?<br>2. Како се чувствувавте?<br>3. Што научивте? | | продукти од графичкиот дизајн и ги класифицираат на: заштитен знак/лого, флаер, плакат, банер, постер, покана и др.<br>-Активно да користи/ употребува различни продукти од графичкиот дизајн и ги класифицираат на: заштитен знак/лого, флаер, плакат, банер, постер, покана и др. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | мобилности за следење на наставата на колеги од европски училишта | | | | |

ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА ЧАС

<table>
<tr><td>
Наставник: Марија Јовановска<br>
Наставен предмет: француски јазик (втор)<br><br>
Одделение: 8-в<br>
Наставна тема: Слободно време<br>
Наставна единица: Увежбување на образувањето и употребата на Le Passé Composé avec être ou avoir<br>
Имплементација на вештачката интелигенција во образовниот процес, користење на интернет алатки за олеснување на материјалот (ЕРАЗМУС+)<br>
Дата: 08.04.2025<br>
Број на час: 58
</td><td>
Цели на часот:<br>
- да ги препознае глаголите кои се менуваат со « avoir » и со « être »<br>
- да може да направи кратка реченица користејќи го минатото определено свршено време<br><br>
Очекувани исходи:<br>
На крајот од часот учениците да бидат способни:<br>
- да прават разлика помеѓу минатото време и останатите времиња<br>
- да можат да одредат дали станува збор за глагол кој што се менува со помошниот глагол сум или има<br>
- да направат кратка реченица со минато определено свршено време
</td></tr>
<tr><td colspan="2">Тип на час: Повторување и увежбување на минато определено свршено време</td></tr>
<tr><td colspan="2">Наставни методи: говорен метод(монолошки,дијалошки,дискусија), метод на набљудување, илустративен метод, метод на поттикнување</td></tr>
<tr><td colspan="2">Наставни форми: фронтална работа, индивидуална, во групи</td></tr>
<tr><td colspan="2">Наставни техники: пауза за разјаснување, игра</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потребни наставни средства и материјали: Документ за работа во група ставен во прилог на подготовката (анекс 1), Magic School, Wordwall</td></tr>
<tr><td colspan="2">Место на реализација: училница</td></tr>
<tr><td colspan="2">Активности и насоки од претходниот час:<br>Учениците имаа задача да се потсетат на минато определено свршено време (Le passé composé)</td></tr>
</table>

Организација и активности за часот

| | ***Активности на наставникот*** | ***Активности на учениците*** |
|---|---|---|
| ***ВОВЕДЕН ДЕЛ***<br><br>*10 МИН.* | Воведни информации на наставникот:<br>Пред почетокот на часот, наставникот ги поделува учениците за работа во група со тоа што во секоја група треба да има ученик кој одлично го владее материјалот односно е оценет со 5 за да може да ја предводи групата. При тоа, сите ученици треба активно да учествуваат во работата.<br><br>Наставникот поставува прашања од типот:<br>(прашањата се поставуваат на француски јазик, а потоа на македонски при што се употребува исклучиво познат вокабулар)<br>„На кои глаголи се сеќавате досега што сте ги изучувале? Кои глаголи ги менуваме со помошниот глагол сум? Како ги разликуваме глаголите кои се во минато определено свршено време во дадена реченица?“ | Учениците се поделуваат во 5 групи. Учениците внимателно ги следат прашањата. На прашањата со „дали“ на учениците им е најлесно да одговарат негативно или позитивно бидејќи структурата на реченицата во одговорот останува иста како и во прашањето. Тоа е најдобар начин за вовед/ загревање за главниот дел на часот.<br>Одговори:<br>- *Ги учевме глаголите сум и има во сегашно време, неправилните глаголи, глаголите оди, јаде, сака, се качува.*<br>- *Ги разликуваме по тоа што минатото определено свршено време во францускиот јазик е сложено и се прави од два глагола*. |

| | ***Активности на наставникот*** | ***Активности на ученниците*** |
|---|---|---|
| ***ГЛАВЕН ДЕЛ*** | Наставникот ги објаснува целите на часот пред учениците и активноста што ќе се реализира.<br>Потоа, на таблата им вклучува вежба на која се наоѓаат сликички и до секоја слика реченица во минато определено свршено време, како и полиња поделени во две групи, глаголот сум и глаголот има. (АНЕКС 1) при што секоја група става по една реченица на празните полиња.<br>Откако ќе се повторат правилата како се прави минато определено свршено време, секоја група одговара по еднаш, наизменично. Таа што има најмногу точни одговори е победник.<br><br>Вежбите се работат 15 – 20 минути.<br>По завршувањето на вежбата, групите ги пребројуваат точните одговори. Се обрнува внимание на изговорот и правописот. Откако ќе ја завршат вежбата, учениците имаат за задача да напишат по две реченици во минато определено свршено време и секоја група да напише на табла по една реченица, а другите групи ја проверуаат реченицата.<br>Презентирањето и дискусијата околу тоа трае околу 10 минути. (секоја група имаат 2 минути за презентација) | Учениците:<br>- Се делат во 5 групи според распоред направен од страна на наставникот.<br><br>- (15-20 минути) Одговараат на задачите зададени од страна на наставникот.<br><br>- Презентираат одговори од вежбата<br>(10 минути од кои по 2-3 минути за секоја група)<br><br>- Според точните одговори се прогласува група победник<br><br>- Запишуваат непознати зборови од табла<br><br>Bottom of Form |

| | *Активности на наставникот* | *Активности на ученниците* |
|---|---|---|
| ***ЗАВРШЕН ДЕЛ*** | Во завршниот дел од часот, наставникот врши проверка на поставената цел од почетокот на часот.<br>При тоа, побарува од учениците да кажат кој глагол им е најлесен, а кој најтежок за запомнување, како и за правилата за образување на минато определено свршено време.<br>Наставникот дава усна повратна информација со забелешките за совладаноста на целите од часот и ги евидентира по завршување на часот, откако претходно ќе зададе домашна работа и ќе постави прашања за евалуација на часот.<br>Домашна работа:<br>-Да се опише еден ден од секојдневниот живот и секојдневните активности во Passé composé. | Овој час е одлична можност, каде што учениците можат да ги изразат своите познавања и искуства, поврзани со наставната единица.<br>Конкретната цел е да се ангажираат учениците преку поставени прашања од страна на наставникот за да може наставникот да го утврди нивото на стекнатото знаење.<br>Секој ученик зборува за себе според барањата од наставникот. |

***Следење и вреднување на учениците:*** Вежби за асимилација, ситуации во кои учениците треба да ги применуваат усвоените знаења и вештини, мотивирање, давање упатства, правење забелешки, усни одговори на поставени прашања, усна повратна информација, чек листа.

| | ***Активности на наставникот*** | ***Активности на учениците*** |
|---|---|---|
| ***Рефлексија:*** Наставникот бара да се потврдат знаењата здобиени од овој час преку прашања за евалвација на часот. Наставникот врши евалуација со поставување на следните прашања.<br><br>1.Дали часот ви беше интересен?<br>2.Кој дел од вежбите не ви беше јасен?<br>3.Дали научивте како да ги препознаете глаголите кои се менуваат со „сум“ и оние кои се менуваат со „има“ и во кои ситуации го користиме минатото определено свршено време ?<br><br>Конкретната цел е да се ангажираат учениците преку поставени прашања од страна на наставникот за да може наставникот да го утврди нивото на стекнатото знаење. | | Учениците одговараат на прашањата и утврдуваат дали се совладал материјалот.<br><br>Одговори:<br>*- Да, часот ни беше многу интересен.*<br>*- Нејасно беше како се одредува кои глаголи се менуваат со глаголот сум, а кои со глаголот има.*<br>*- Минато определено свршено време користиме кога кажуваме за некое дејство кое што се случило во минатото, знаеме кога започнало или кога завршило, колку траело.*<br>Преку комуникативните вежби со варијации на дадени текстови,опишување на настани, раскажување, учениците учествуваат во утврдување на нивото на стекнатото знаење. |
| РЕФЛЕКСИЈА ОД ОДРЖАН НАСТАВЕН ЧАС:<br><br>ПРЕПОРАКИ ЗА ВО ИДНИНА: | | |

Анекс 1



0:07
Je suis né
Nous sommes entrés
Elles ont acheté
Nous avons fait du vélo
Vous êtes montés
J'ai maigri
Ils ont parlé
Elle est tombée
Le bus est venu
Il est allé
Elle est decendue
Il est rentré
J'ai réussi
Tu as joué
Ma grand-mère est morte
Ils sont retournés
Il est devenu médecin
J'ai choisi
Le chien est resté
le garçon est parti
Ils ont traversé le pont
je suis sorti
J'ai compris
Il a tourné gauche
Vous avez pris le train.
La pomme a bruni
Elle a mis la table
Il a bu
avoir
être
Submit Answers

| **Наставен предмет:**<br>**Географија** | **Одделение:**<br>**СЕДМО В и ученици од Словенија** | **Наставник:**<br>**Владимир Анѓелески** | **Дата:**<br>**10.04.2025** |
|---|---|---|---|

**Се дружиме преку географски едукативни игри-ЕРАЗМУС+ искуства со примена на техники и алатки во практичната настава**

| **Час бр.59** | **Едукативни игри** |
|---|---|

**Интерактивен час на учениците од седмо В и учениците од РСловенија**

**Цели :**

- Да се запознаат што подобро меѓусебно учениците од нашето училиште и училиштето од РСловенија
- Да осознаат за нивните знаења поврзани со главните градови на европските држави
- Да ги идентификуваат знамињата на европските држави
- Да ја согледаат важноста на географските едукативни игри во насока на нивно побрзо и точно реагирање во определени ситуации

**Очекувани исходи:**

- Што подобро меѓусебно запаознавање на учениците од нашето училиште и училиштето од РСловенија
- Осознаваат за нивните знаења поврзани со главните градови на европските држави
- Ги идентификуваат знамињата на европските држави
- Ја согледуваат важноста на географските едукативни игри во насока на нивно побрзо и точно реагирање во определени ситуации

**Нови поими:Главни градови,знаменитости,знамиња,религија,државно уредување.**

**Наставни средства:**

· Компјутер,Интернет,компјутерски апликации од областа на географијата

| | | |
|---|---|---|
| **Наставни методи и техники на учење:**<br>1.Демонстративен<br>2. Комуникативен<br>3. Кооперативно учење<br>4. Работа на текст<br>5. Метод на пишување | 6. Структурален<br>7. Дијалошки<br>8. Аудио-визуелен<br>9. Усмено излагање<br>10. Практична работа | 11. Пантомима (тивок начин)<br>12. Физичко одговарање<br>13. Монолошки<br>14. Еклектичен (мешовит)<br>15.Бура на идеи<br>16.работа со компјутери |
| **Наставни форми:**<br>1.Фронтална 3.Работа во парови.<br>2.Индивидуална 4.Групна | | |

**Активности на часот:**
Запознавање на учениците гости од РСловенија со наставникот по географија и со учениците од седмо В одделение и разговор на географски и спортски теми(5-7 минути).
Играње на две едукативни игри,1.Поврзување на главни градови со држави-работа во четири групи од по 6 ученици,2.Погодување

**Активности на наставникот:**
Воспоставува работна атмосфера,ги мотивира учениците за работа, дава напатствија, надгледува, објаснува, вреднува.
**Насоки:**
- Наставникот на смарт таблата во кабинетот по македонски јазик ги вклучува двете едукативни игри и им го објаснува на учениците начинот на играње на истите.

**Активности на ученикот:**

Учениците од нашето училиште,од седмо В одделение и учениците од РСловенија меѓусебно се запознаваат и разговараат на географски и спортски теми(најмногу за познатиот НБА кошаркар Лука Дончиќ и за фудбалскиот голман Јан Облак).

Станува на смарт таблата и со кликање ги поврзува државите и главните градови,а потоа секој ученик индивидуално поврзува знаме со држава.

**Линкови од двете едукативни игри кои што ги играа учениците на самиот час:**

https://www.geoguessr.com/fl/2013

https://www.purposegames.com/game/capitals-of-the-countries

Лука Дончиќ-спортист,словенечки репрезентативец,кошаркар во американската НБА лига.Личност која дополнително ги зближи учениците од нашето и од училиштето во РСловенија.



| |
|---|
| **Оценување:Електронска бодовна листа инкорпорирана во едукативните квиз игри.** |
| **Рефлексија** |
| **Сите 24 ученици(16 од седмо В и 8 од основното училиште од РСловенија постигнаа одлични резултати,без грешка ги решија двете едукативни игри.** |

**ПЛАН ЗА НАСТАВЕН ЧАС**

**Училиште: ООУ „ Невена Георгиева - Дуња“**

**Наставник: Тони Патровски**

**Дата:** 8.4.2025 **Одделение: 7 - а,б,в**

**Тема бр :** 4 Народно музичко творештво

**Наставна единица:** Утврдување на народни музички инструменти преку слушање музички примери
Практична примена на техники од следење на работата на европски училишта од **програмата на Еразмус+**

| **Цели :** | **Исходи :** |
|---|---|
| - да направи општа поделба на народните инструмент;<br>- да објаснува за општите карактеристики на народните инструменти (форма,материјал од кои се изработени и начин на свирење);<br>- да препознава народни инструменти (визуелно и по слух);<br>- да ги опишува народните инструменти според формата, градбата и звукот (визуелно и по слух);<br>- да објаснува за начинот на произведување на тон кај народните инструменти. | - учениците знаат да направат општа поделба на народните инструменти;<br>- учениците дефинираат општи карактеристики на народни инструменти (форма, материјал од кои се изработени, начин на свирење);<br><br>- учениците препознаваат народни инструменти визуелно и по слух;<br>- учениците опишуваат народни инструменти според формата, градбата и звукот (визуелно и по слух);<br>- учениците објаснуваат на кој начин се добива тонот кај народните инструменти |
| **Основни наставни методи :**<br>- дијалошка, текст метода,<br>- демонстративна | **Форми на наставна работа :**<br>- фронтална,<br>- групна ,<br>- индивидуална,<br>- во пар |

| | |
|---|---|
| **Надворешна интеграција:**<br>**-** македонски јазик;историја,физика | **Методи за оценување на учењето на учениците :**<br>- прашања поставени од наставникот,<br>- усна повратна информација; |
| **Наставни средства, материјали и посебни ресурси:**<br>- слики од постановка на народен оркестар ,презентација Power Point,Компјутер,ТВ,Youtube материјал<br>https://www.youtube.com/watch?v=ONysCVD4kfM<br>https://www.youtube.com/watch?v=-StNr1BVVoE<br>https://www.youtube.com/watch?v=iHszhv29Db4 | **Наставни техники:**<br>- Грозд;<br>- Албум со слики |

**ТЕК НА ЧАСОТ**

| **Фази** | **Активности на наставникот** | **Активности на ученикот** |
|---|---|---|
| **Воведен дел:** | - наставникот задава техника „венов дијаграм“ поим „народни инструменти“. | - учениците ја изработуваат и презентираат зададената „венов дијаграм“ техника. |

| | | |
|---|---|---|
| **Главен дел:** | - наставникот објаснува за основните карактеристки на народните инструменти;<br>- аудио-визуелна презентација од страна на гости од МБУЦ „Илија Николовски - Луј за секоја група инструменти;<br><br>- наставникот и гостите дискутираат со учениците за формата и начинот на свирење на народните инструменти;<br>- наставникот,гостите и учениците споредуваат народните инструменти според големината, опсегот, карактерот на звук;<br>- наставникот и гостите презентираат сличности и разлики помеѓу народните инструменти;<br>- наставникот,гостите и учениците разговораат за познати инструменталисти на народни инструменти; | - учениците ги усвојуваат основните карактеристики на народните инструменти;<br>- учениците ја следат аудио визуелната презентација за народните инструменти поединечно;<br><br>- учениците дискутираат за начинот на свирење;<br><br>- учениците ги усвојуваат народните инструменти според големина,опсег и карактер на звук;<br><br>- учениците воочуваат сличности и разлики на овие инструменти;<br><br>- учениците разговараат и презентираат познати инструменталисти на народни инструменти; |

| | | |
|---|---|---|
| **Завршен дел:** | - наставникот дава напатствија за изработка на задачи со техники кои се стекнати со проектот „Еразмус“(работа во интернационални групи со ученици од Р.Словенија); | - учениците изготвуваат задачи со техники стекнати со проектот „Еразмус“ (работа во интернационални групи со ученици од Р.Словенија); |

| | | |
|---|---|---|
| **Диференцирани активности** | **Ученици со ИОП** | - ученици И.В.; А.М.; С.Н.; А.Д.<br>- да нацрта одредени инструменти; |
| | **Талентирани ученици** | - да направи мини проект за народни инструменти; |